Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација

Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror

„М-НАВ“ А.Д. - СКОПЈЕ

# Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули – септември 2024 година

Декември, 2024 година


“Босфор“ Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

“Bosfor“ Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

| ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ |
|---|

| |
|---|
| **Опис на документот:** Тримесечен извештај за работата на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, во кој се резимирани активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во периодот од 01.07 – 30.09.2024 година, а истиот вклучува Резиме на активностите на Друштвото во извештајниот период, Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи со пресек 20.11.2024 година, како и Компаративна анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2024 година во споредба со истиот период од 2023 година. |
| **Наслов**<br>**ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА „М-НАВ“ А.Д. - СКОПЈЕ**<br>**ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2024 ГОДИНА** |

| **Референтен број**: МНВ-810-103.06 | **Издание број**: | 1.0 |
|---|---|---|
| | **Дата**: | 02/12/2024 |

| **Извадок**: |
|---|
| “Како што може да се види од Табелата 2.2 погоре, во третото тримесечје од 2024 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 7,23% помалку расходи во однос на планираните за извештајниот период”... |
| **Клучни зборови**: |
| Планирани приходи, планирани расходи, реализирани приходи, реализирани расходи, вкупни приходи, вкупни расходи. |

| **Статус на документот:** | Работна верзија | | **Класификација:** | Интерен документ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Конечна верзија | √ | | Јавен документ | √ |
| | Објавено издание | | | Доверлив | |

| **Локација:** | **Скопје** |
|---|---|

## ПРИФАЌАЊЕ НА ДОКУМЕНТОТ

Во следната табела се наведени авторите и лицата кои го изготвиле/провериле/одобриле овој документ

| Функција | Име, презиме и потпис | Дата |
|---|---|---|
| Изработил<br>Самостоен советник за контрола на буџет | Игор Андреевски | |
| Контролирал аспект - квалитет<br>Шеф на Отсек за квалитет – безбедност во Одделение за интегриран менаџмент систем | Леонора Шаља | |
| Контролирал аспект – усогласеност<br>Раководител на Одделение за внатрешна ревизија | Валентина Димевска | |
| Одобриле<br><br>Претседател на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за воздухопловна навигација<br><br>Член на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за воздухопловна техника<br><br>Член на Управен одбор и Извршен Директор во Секторот за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции | <br><br>Владимир Ристески<br><br>Климент Чепуњоски<br><br>Буран Алити | |

## Содржина

1. Резиме на активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2024 година....................................................................................................5

2. Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2024 година........................................................8

3. Анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година во споредба со истиот период од 2023 година...................................................................................................................13

4. Информација за финансиското работење на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година.................................................................................20

# 1 Резиме на активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2024 година

- Вкупниот сообраќај во третото тримесечје во 2024 година во споредба со истиот период од 2023 година е зголемен за 6,6%, со што до сега годишното кумулативно зголемување е 5% и е во рамките на предвидувањата од Eurocontrol. За следните месеци се очекува сличен тренд;
- Во согласност со Договорот за заем, Оп. Бр. 53184 склучен со ЕБОР на 29.07.2022 година со кој се овозможи континуитет во реализацијата на Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација првично започнат во рамки на Договорот за заем склучен со ЕБОР на 23.09.2013 година, на ден 13.02.2023 година склучен е Договор за грант со ЕБОР за техничка соработка за надградба на АТМ системот во Република Северна Македонија во вкупен износ од 406.000,00 еур кој ќе се користи наменски за реализација на следните договори за консултански услуги кои ќе се склучат по спроведени постапки за набавка во согласност со Политиките и правилата за набавка на ЕБОР и тоа:

✓ Договор за консултантски услуги за асистенција на проектната единица за имплементација на проектите (PIU Assistance Consultancy Contract) кои произлегуваат од Договорот за заем со ЕБОР, Оп. Бр. 53184 во износ од 169.989,00 еур кој е склучен на 16.05.2023 година и во тек е негова имплементација;

✓ Договор за консултантски услуги за техничка поддршка за обука на контролори на летање (SECSI FRA Consultancy Contract) во износ од 162.000,00 еур кој е склучен на 19.10.2023 година и истиот започна со реализација во текот на ноември 2023 година. Целосна реализација на овој договор заврши во првото тримесечје од 2024 година, додека финалното плаќање беше извршено на 14.08.2024 година со што оваа компонента од договорот со ЕБОР за техничка соработка е целосно реализирана;

- Договор за консултантски услуги за поддршка на изготвување на Безбедносен случај (Safety Case) во износ кој не надминува 74.000,00 еур при што во извештајниот период се одвиваше координација помеѓу „М-НАВ“ А.Д. - Скопје и ЕБОР во поглед на изготвувањето на тендерската документација и поставување на истата за разгледување на порталот за набавки на ЕБОР (ECEPP);
- Проектот за надградба на македонскиот систем за воздухопловна навигација кој започна согласно Договорот за заем склучен со ЕБОР на 24.09.2013 година, продолжи со реализација во рамките на новиот Договор за заем склучен со ЕБОР на 29.07.2022 година при што:

  ✓ Во третото тримесечје од годината, беше започнат процесот на доставување на техничката документација од страна на Leonardo, каде согласно проектната целина, потребно е да се доставаат сите техничко-оперативни упатства, инструкции, како за работа на системот, така и за негово одржување. Проектната целина беше затворена со мала забелешка, дека секоја дополнителна документација која ќе се увиди дека треба дополнително да се достави, ќе биде доставена пред затворање на проектот, каде проблемот ќе се третира како неисправност на системот со највисок приоритет.

Исто така во ова тримесечје, тимови за инсталација и интеграција на системот од Leonardo, во неколку наврати доаѓаа во просториите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за решавање на тековни системски забелешки од претходните фази од проектот, каде во септември, кога дозволи сообраќајната ситуација, се инсталираше опремата и на оперативните работни позиции (ОБКЛ и Кула Скопје). Во овој период се испорача и дел од опремата од АТМ системот, која беше задржана во Leonardo или

која не беше испорачана во првиот дел од испораката. Клучната работа во ова тримесечје беше договорот помеѓу „М-НАВ“ А.Д. - Скопје и Leonardo, во врска со усогласување на нова временска рамка за реализација и довршување на проектот. Оваа фаза започна во претходното тримесечје, и по неколку заеднички состаноци, се затвори во Рим во месец август, кога помеѓу двата тима се усогласија деталите за новата временска рамка според која ќе треба да се заврши проектот и системот да биде ставен во употреба, како и динамиката на изведување на тренингот и обуката на СВТ/СВН персоналот. По успешно завршена обука на персоналот од СВТ, за дел од опремата (CADMOS), која беше испорачана во рамки на АТМ проектот, во ова тримесечје беше пуштена во употреба, како решение за можни оперативни проблеми во блиска иднина на постоечкиот АТМ систем. Во ова тримесечје се изврши плаќање кон Leonardo во однос на проектните целини за Installation and Integration Phase I, и се поднесе извештај за комплетирање на проектната целина SAT, која се очекува да се исплати во последното тримесечје. Интерно, тимот на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во врска со административните обврски за ставање во функција на новиот АТМ систем, иницираше подготовка и припрема на транзиционен план за ставање на системот во употреба и истиот се очекува да се заврши и проследи на одобрување во последното тримесечје од годината;

- ✓ Договорот за набавка, инсталација и пуштање во работа на нов Mode-S радар се склучи на 02.12.2022 година и неговата реализација се одвива со одредени задоцнувања поради добавувачот. Во извештајниот период беше реализиран FAT (Factory Acceptance Test) во фабриките на Leonardo во Рим и Фусаро. Исто така, се водеа активности околу изработка на амандман бр.2 на договорот со цел дефинирање на нова временска рамка за реализација на договорот, како и дефинирање на доцнењата од страна на Leonardo при реализација на проектот;
- ✓ VCS системот е комплетно реализиран и во тек е подготовка на софтверска надградба на системот претходно договорено со производителот на опремата;
- ✓ Во текот на месец септември со претставник на ParkAir-Indra беше извршена дислокација на антенскиот систем на друга претходно дефинирана локација. Останува нивна обврска да се отстрани старата Антена Rohde Schwartz од Солунска Глава, како и старите RX и TX контејнери кои се наоѓаат во airside зоната Скопје, со цел да може да се затвори VHF проектот;
- Старата AT&T централа е целосно демонтирана и во целосна употреба е новата GrandStream централа;
- Во текот на третото тримесечје од 2024 година се реализираа стандардните и вообичаени активностите на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во регионалните и мултилатералните активности во рамки на работните групи на Eurocontrol, ICAO, NATO и CANSO;
- Вложувајќи максимален напор од страна на расположливиот оперативен човечки потенцијал „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во третото тримесечје одговори во најголема мера на побарањата на Network Manager во однос на сообраќајот притоа земајќи ги во предвид расположливите технички ограничувања и капацитети, едновремено одржувајќи високо ниво на безбедност и сигурност на услугите на воздухопловна навигација;
- Координација и информирање на Владата на Република Северна Македонија и ресорните министерства за тековните состојби и активности на Друштвото;
- Континуирано одржување на тековните системи и опрема, оптимизирање и менаџирање на постоечкиот човечки ресурс како и процеси за вработување на нови кадри потребни за обезбедување на непречено и високо ниво на безбедност и сигурност на услугите на воздухопловна навигација;

- Активно следење на подготвителните активности за започнување на новиот 2024 LSSIP+ циклус кој започнува во последното тримесечје во 2024 година;
- Активности за давање на услуги на НАТО воздухоплови, како и активно учество во усогласување на потребната регулатива со Министерството за одбрана на РСМ;
- Според статистиките на Централното биро за наплата (Central Route Charging Office - CRCO) на Eurocontrol за реализираните наплатни единици од прелетите во 2024 година, Република Северна Македонија во третото тримесечје од 2024 година бележи зголемување од 9,7% во однос на истиот период во 2023 година, односно 8,3% во однос на планиранот сообраќај за третото тримесечје од 2023 година.
- Во текот на третото тримесечје во 2024 година се опслужени вкупно 102.848 летови од кои 95.406 прелети и 7.442 полетувања и слетувања на аеродромите во Скопје и Охрид.
- Бројот на прелетите во воздушниот простор на РСМ во третото тримесечје од 2024 година е зголемен за 6,9%, додека бројот на операциите на аеродромите во Скопје и Охрид е зголемен за 4,6% споредено со истиот период во 2023 година.
- Табела од Централното Биро на Eurocontrol за реализирани наплатни единици од прелетите над Република Северна Македонија во периодот од 01.01 до 30.09.2024 година:

| Month | | 2024 Actual | 2024 States' Forecast | 2023 Actual | 2019 Actual | % 2024 A / 2024 F | % 2024 A / 2023 A | % 2024 A / 2019 A |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (1) | (2) | (3) | (7) | (1)/(2) | (1)/(3) | (1)/(7) |
| 1 | January | **22,946** | *24,190* | 23,893 | 17,708 | -5.1% | -4.0% | 29.6% |
| 2 | February | **21,786** | *23,976* | 23,681 | 16,639 | -9.1% | -8.0% | 30.9% |
| 3 | March | **26,012** | *30,603* | 30,228 | 19,233 | -15.0% | -13.9% | 35.2% |
| 4 | April | **40,107** | *38,576* | 38,103 | 28,427 | 4.0% | 5.3% | 41.1% |
| 5 | May | **49,514** | *48,360* | 47,766 | 40,456 | 2.4% | 3.7% | 22.4% |
| 6 | June | **53,429** | *52,984* | 52,333 | 45,978 | 0.8% | 2.1% | 16.2% |
| 7 | July | **61,511** | *58,078* | 57,365 | 50,551 | 5.9% | 7.2% | 21.7% |
| 8 | August | **66,701** | *58,030* | 57,317 | 50,618 | 14.9% | 16.4% | 31.8% |
| 9 | September | **57,377** | *55,186* | 54,508 | 45,339 | 4.0% | 5.3% | 26.6% |
| 10 | October | | *45,997* | 45,432 | 37,975 | | | |
| 11 | November | | *26,216* | 25,894 | 20,607 | | | |
| 12 | December | | *25,805* | 25,488 | 21,469 | | | |
| **TOTAL** | | **399,384** | ***488,000*** | 482,009 | 395,000 | **2.4%** | **3.7%** | **26.8%** |

Со почит,

**Претседател на Управен одбор**

**Владимир Ристески**

# 2 Анализа на планирани и реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година

## 2.1 Анализа на планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2024 година

Како што може да се види од табелата 2.1 подолу, во третото тримесечје од 2024 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 5,38% повеќе приходи во однос на планираните за извештајниот период и тоа:

- 7,55% повеќе реализирани приходи од прелети на воздухоплови;
- 8% помалку реализирани приходи од терминалните услуги на воздухопловна навигација и
- 0,72% помалку реализирани останати приходи.




**Табела 2.1: Планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за третото тримесечје од 2024 година**[1]

| *Вид на приходи* | *Планирани приходи 01.07 - 30.09.2024* | *Реализирани приходи 01.07 - 30.09.2024* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ***Прелети на воздухоплови*** | 416.994.538,50 | 448.494.639,85 | 107,55 |
| | | | |
| ***Терминални услуги*** | 66.227.013,00 | 60.930.136,41 | 92,00 |
| | | | |
| ***Останати приходи*** | 3.075.000,00 | 3.052.980,39 | 99,28 |
| | | | |
| ***Вкупно приходи (МКД):*** | ***486.296.551,50*** | ***512.477.756,66*** | ***105,38*** |

[1] Извор: Годишен финансиски план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2024 година; Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2024 година (со датум од 20.11.2024 година).

Во третото тримесечје од 2024 година се забележува понатамошно нормализирање на состојбата во авиосообраќајот и пораст на вкупниот број на летови во воздушниот простор на Република Северна Македонија. Нивото на сообраќајот веќе значително го надмина предпандемиското ниво од 2019 година. Како резултат на влијанието на кризата предизвикана од геополитичките случувања на Средниот исток се случува флуктуација на авио сообраќајот јужно кон земјите од регионов, што доведе до значителен пораст на авиосообраќајот и во нашиот воздушен простор во овој период од годината.

### *2.1.1 Графички приказ на планирани и реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година*



## 2.2 Анализа на планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година

**Табела 2.2: Планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година**[2]

| *Вид на расходи* | *Планирани расходи 01.07-30.09.2024* | *Реализирани расходи 01.07-30.09.2024* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно трошоци за вработените*** | **257.762.500,00** | **274.737.633,00** | **106,59** |
| Бруто плати | 253.262.500,00 | 262.916.849,00 | 103,81 |
| Други трошоци за вработените | 4,500.000,00 | 11.820.784,00 | 262,68 |
| | | | |
| ***Вкупно материјални трошоци*** | **30.500.000,00** | **14.549.912,94** | **47,70** |
| Трошоци за суровини и материјали | 1.000.000,00 | 272.966,00 | 27,30 |
| Трошоци за резервни делови | 5.000.000,00 | 2.124,00 | 0,04 |
| Потрошена енергија | 9.000.000,00 | 7.631.437,00 | 84,79 |
| Транспортни услуги | 1.000.000,00 | 211.770,76 | 21,18 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 5.000.000,00 | 3.935.115,43 | 78,70 |
| Трошоци за одржување | 9.000.000,00 | 2.425.441,75 | 26,95 |
| Дополнително утврдени трошоци од минати години | 500.000,00 | 71.058,00 | 14,21 |
| | | | |
| ***Вкупно нематеријални трошоци*** | **26.793.750,00** | **7.421.323,30** | **27,70** |
| Закуп на канцелариски простор | 825.000,00 | 406.056,00 | 49,22 |
| Останати услуги | 212.500,00 | 704.199,00 | 331,39 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 5.000.000,00 | 2.039.692,77 | 40,79 |
| Трошоци за репрезентација | 750.000,00 | 109.043,36 | 14,54 |
| Премии за осигурување | 4.100.000,00 | 1.527.771,00 | 37,26 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 406.250,00 | 500,00 | 0,12 |
| Останати нематеријални трошоци | 15.500.000,00 | 2.634.061,17 | 16,99 |
| | | | |
| ***Амортизација*** | **18.061.500,00** | **18.061.500,00** | **100,00** |
| | | | |
| ***Останати трошоци од работењето*** | **3.000.000,00** | **0,00** | **0,00** |
| | | | |
| ***Вкупно финансиски трошоци*** | **8.750.000,00** | **5.146.612,83** | **58,82** |
| Банкарски трошоци | 1.250.000,00 | 1.451.889,55 | 116,15 |
| Камати по банкарски кредити | 7.500.000,00 | 3.694.723,28 | 49,26 |
| ***Вкупно расходи (МКД):*** | ***344.867.750,00*** | ***319.916.982,07*** | ***92,77*** |

[2] Извор: Годишен финансиски план на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за 2024 година; Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2024 година (со датум од 20.11.2024 година).

*2.2.1 Графички приказ на планирани и реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година*




Како што може да се види од табелата 2.2 погоре, во третото тримесечје од 2024 година „М-НАВ“ А.Д. - Скопје реализира за 7,23% помалку расходи во однос на планираните за извештајниот период, при што:

- Ставката – бруто плати за вработените, реализирани се повеќе средства од планираните за 3,81% заради следните причини:
  - донесената одлука на УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје број 02-500/4 од 15.04.2022 година со која е утврдена динамика за враќање на задржаните средства од платите на работниците за 2020, 2021 и 2022 година согласно постигнатата спогодба со ССКЛ. Истата е донесена како резултат на порастот на сообраќајот во воздушниот простор на РСМ кој ги надмина планираните проекции, проекциите на готовинскиот тек на парични средства на Друштвото и извештаите и информациите на Eurocontrol за подобрување на сообраќајот, како и домаќинското работење и сведување на минимум на сите трошоци на Друштвото со политика на максимално штедење и ефикасност во спроведување на зацртаните цели до целосно финансиско стабилизирање[3] и
  - склучен нов Колективен договор број 0101-1714/1 од 13.10.2023 година со репрезентативните синдикати при „М-НАВ“ А.Д. – Скопје, како и Анекс 1 кон истиот договор;
- Ставката – други трошоци за вработените, реализирани се повеќе средства од планираните за 162,68% заради исплата на трошоци по основ на одредбите од Колективниот договор: јубилејни награди, помош на вработени, исплата на К-15, задолжителни лекарски прегледи,

[3] Заклучно со 30.09.2024 година целосно се вратени задржаните средства од платите на вработените за 2020 година, 2021 и 2022 година, со што комплетно се подмирени обврските кон вработените кои произлегуваат од оваа одлука на УО. Дополнително, во третото тримесечје од 2024 година, поточно во месец август исплатени се задржаните средства од платите на вработените за месеците ноември 2021 година и месеците јануари и февруари 2022 година.

трошоци за испити, како и трошоци за превоз на вработени надвор од Скопје;

- Ставката - останати услуги[4], реализирани се повеќе средства од планираните за 231,39% во најголем дел заради потставката физичко обезбедување[5] во износ од 590.000,00 денари;
- Ставката – банкарски услуги и провизии, реализирани се повеќе средства од планираните за 16,15% во најголем дел заради потставката за трошоци за банкарски услуги во земјата во износ од 1.447.879,00 денари, во најголем дел за износот од 922.425,00 денари кој се однесува на исплатата на еднократен надомест во висина од 0,3% од износот на заемот со Комерцијална банка АД Скопје или 15.000,00 еур[6].
- Амортизацијата е пресметана согласно сметководствената политика на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

Со оглед на фактот што кај најголем дел од ставките на реализирани расходи во однос на планираните за третото тримесечје од 2024 година нема отстапување (со исклучок на горенаведените ставки, кои се резултат на околности што не можеле да се предвидат во процесот на планирање), се доаѓа до заклучок дека трошоците што се зголемиле за периодот не влијаат на реализацијата на редовните планирани ставки. Тоа значи дека ефектите од настанатите отстапувања кај овие ставки немаат директно влијание на остварување на целите од финансискиот план на Друштвото за 2024 година, заради што Управниот одбор нема потреба да презема дополнителни мерки за пренамена на средства во рамки на истиот финансиски план, односно одложување на реализација на одредена цел или евентуално обезбедување на дополнителни извори на финансирање.

Дополнително, кај неколку ставки на реализирани расходи во однос на планираните за третото тримесечје од 2024 година има многу помало остварување од различни причини[7].

Согласно горенаведената анализа, во третото тримесечје од 2024 година реализирани се поголеми приходи од расходи (сметководствена добивка) во износ од 192.560.774,59 денари.

---

[4] Тука влегуваат трошоците за регистрација на службени возила, огласи во весници за објавување на јавни набавки, услуги за дератизација на просториите на Друштвото, како и услуги на физичко обезбедување.

[5] По спроведена постапка согласно Годишниот план за јавни набавки за 2024 година, склучен е Договор со Агенција за обезбедување на имот и лица 2 СС ДООЕЛ Кичево.

[6] Согласно член 10 од Договорот за заем со Комерцијална банка АД Скопје, банката наплатува еднократна провизија годишно и тоа 0,3% од износот на одобрен кредит за водење на аранжман на долгорочен кредит, но не повеќе од 3 години. „М-НАВ“ А.Д. – Скопје веќе ја има платено оваа провизија во 2022, 2023 и 2024 година, така да во иднина нема да се наплатува истата провизија.

[7] Отстапувањето кај ставката за суровини и материјали произлегува од фактот што не се реализираа поголем дел од првично планираните трошоци по тие набавки;

- отстапувањето кај ставката на резервни делови произлегува од фактот што не се реализираа поголем дел од првично планираните трошоци кои беа наменети за елиминирање на секаква можност од застој во функционирањето на системите со подолго времетраење на оперативна употреба;
- отстапувањето кај ставката потрошена енергија произлегува од стабилизирање на цената на електричната енергија во 2024 година;
- отстапување кај финансиските трошоци произлегува врз основа на помалиот износ на исплатени камати по повлечени средства по основ на новиот заем со ЕБОР склучен на 29 јули 2022 година заради оддолжување на првично планираната динамика на имплементација на проектите предвидени со овој заем.

# 3 Анализа на реализирани приходи и расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година во споредба со истиот период од 2023 година

## 3.1 Анализа на реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година во споредба со истиот период од 2023 година

Како што може да се види од Табелата 3.1 подолу, реализираните вкупни приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје во третото тримесечје од 2024 година во споредба со истиот период од 2023 година се зголемени за 3,26% и тоа: приходите од прелети се зголемени за 4,54%, приходите од терминални услуги бележат намалување од 3,4%, додека останатите приходи бележат намалување од 27,24%.




Секако и тука ќе споменеме дека реализираните приходи во третото тримесечје од 2024 година во однос на истиот период од 2023 година беа значително поголеми за повеќе процентни поени како резултат на зголемениот обем на воздушен сообраќај. Тоа се должи на нормализацијата на воздушниот сообраќај после катастрофалното влијание на Covid-19 кризата, како и влианието на кризата предизвикана од геополитичките случувања на Средниот исток се случува флуктуација на авио сообраќајот јужно кон земјите од регионов, што доведе до значителен пораст на авиосообраќајот и во нашиот воздушен простор во овој период од годината.

**Табела 3.1: Реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година во споредба со истиот период од 2023 година[8]**

| *Вид на приходи* | *Реализирани приходи 01.07 - 30.09.2024* | *Реализирани приходи 01.07 - 30.09.2023* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ***Прелети на воздухоплови*** | 448.494.639,85 | 429.030.563,28 | 104,54 |
| | | | |
| ***Терминални услуги*** | 60.930.136,41 | 63.073.354,50 | 96,60 |
| | | | |
| ***Останати приходи*** | 3.052.980,39 | 4.196.152,03 | 72,76 |
| | | | |
| ***Вкупно приходи (МКД):*** | ***512.477.756,66*** | ***496.300.069,81*** | ***103,26*** |

***3.1.1 Графички приказ на реализирани приходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година во споредба со истиот период од 2023 година***




[8] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2024 година (со датум од 20.11.2024 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули – септември 2023 година.

## 3.2 Анализа на реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година во споредба со истиот период од 2023 година

**Табела 3.2: Реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година во споредба со истиот период од 2023 година[9]**

| *Вид на расходи* | *Реализирани расходи 01.07-30.09.2024* | *Реализирани расходи 01.07-30.09.2023* | *индекс* |
|---|---|---|---|
| ***Вкупно трошоци за вработените*** | **274.737.633,00** | **235.013.283,00** | **116,90** |
| Бруто плати | 262.916.849,00 | 226.979.750,00 | 115,83 |
| Други трошоци за вработените | 11.820.784,00 | 8.033.533,00 | 147,14 |
| | | | |
| ***Вкупно материјални трошоци*** | **14.549.912,94** | **10.026.349,61** | **145,12** |
| Трошоци за суровини и материјали | 272.966,00 | 137.189,00 | 198,97 |
| Трошоци за резервни делови | 2.124,00 | 14.080,00 | 15,09 |
| Потрошена енергија | 7.631.437,00 | 2.139.817,00 | 356,64 |
| Транспортни услуги | 211.770,76 | 183.975,45 | 115,11 |
| Поштенски, телефонски услуги и интернет | 3.935.115,43 | 4.550.296,91 | 86,48 |
| Трошоци за одржување | 2.425.441,75 | 3.000.991,25 | 80,82 |
| Дополнително утврдени трошоци минати години | 71.058,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | |
| ***Вкупно нематеријални трошоци*** | **7.421.323,30** | **7.335.470,69** | **101,17** |
| Закуп на канцелариски простор | 406.056,00 | 553.524,00 | 73,36 |
| Останати услуги | 704.199,00 | 1.028.751,00 | 68,45 |
| Дневници за сл.пат и патни трошоци | 2.039.692,77 | 1.084.476,36 | 188,08 |
| Трошоци за репрезентација | 109.043,36 | 265.710,15 | 41,04 |
| Премии за осигурување | 1.527.771,00 | 1.126.695,50 | 135,60 |
| Членарини во меѓународни организации и друго | 500,00 | 400.491,04 | 0,12 |
| Останати нематеријални трошоци | 2.634.061,17 | 2.875.822,64 | 91,59 |
| | | | |
| ***Амортизација*** | **18.061.500,00** | **11.250.000,00** | **160,55** |
| | | | |
| ***Останати трошоци од работењето*** | **0,00** | **0,00** | **0,00** |
| | | | |
| ***Вкупно финансиски трошоци*** | **5.146.612,83** | **5.080.519,48** | **101,30** |
| Банкарски трошоци | 1.451.889,55 | 1.425.132,67 | 101,88 |
| Камати по банкарски кредити | 3.694.723,28 | 3.655.386,81 | 101,08 |
| ***Вкупно расходи (МКД):*** | ***319.916.982,07*** | ***268.705.622,78*** | ***119,06*** |

[9] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2024 година (со датум од 20.11.2024 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули - септември 2023 година.

### 3.2.1 *Графички приказ на реализирани расходи на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година во споредба со истиот период од 2023 година*




Како што може да се види од Табелата 3.2 погоре, реализираните вкупни трошоци на Друштвото во третото тримесечје од 2024 година се зголемени за 19,06% во споредба со истиот период од 2023 година, при што:

- Ставката – бруто плати за вработените е зголемена во однос на 2023 година за 15,83% заради следните причини:
  - донесената одлука на УО на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје број 02-500/4 од 15.04.2022 година со која е утврдена динамика за враќање на задржаните средства од платите на работниците за 2020, 2021 и 2022 година согласно постигнатата спогодба со ССКЛ. Истата е донесена како резултат на порастот на сообраќајот во воздушниот простор на РСМ кој ги надмина планираните проекции, проекциите на готовинскиот тек на парични средства на Друштвото и извештаите и информациите на Eurocontrol за подобрување на сообраќајот, како и домаќинското работење и сведување на минимум на сите трошоци на Друштвото со политика на максимално штедење и ефикасност во спроведување на зацртаните цели до целосно финансиско стабилизирање[10] и
  - склучен нов Колективен договор број 0101-1714/1 од 13.10.2023 година со репрезентативните синдикати при „М-НАВ“ А.Д. – Скопје, како и Анекс 1 кон истиот договор;

[10] Заклучно со 30.09.2024 година целосно се вратени задржаните средства од платите на вработените за 2020 година, 2021 и 2022 година, со што комплетно се подмирени обврските кон вработените кои произлегуваат од оваа одлука на УО. Дополнително, во третото тримесечје од 2024 година, поточно во месец август исплатени се задржаните средства од платите на вработените за месеците ноември 2021 година и месеците јануари и февруари 2022 година.

- Ставката – други трошоци за вработените во која влегуваат трошоци што се исплаќаат согласно Колективниот договор на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје, е зголемена во однос на 2023 година за 47,14% и детално прикажана подолу:

**Табела 3.3: Реализирани други трошоци за вработените на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година во споредба со истиот период од 2023 година**[11]

| ***Други трошоци за вработените*** | ***01.07-30.09.2024*** | ***01.07-30.09.2023*** |
|---|---|---|
| | | |
| Јубилејни награди | 1.649.506,00 | 0,00 |
| Помош на вработени | 1.437.392,00 | 539.479,00 |
| Исплата на К-15 | 8.438.396,00 | 7.365.971,00 |
| Задолжителни лекарски прегледи на контролори | 75.111,00 | 25.000,00 |
| Трошоци за испити | 72.834,00 | 20.471,00 |
| Трошоци за превоз на вработени надвор од Скопје | 147.545,00 | 82.612,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***11.820.784,00*** | ***8.033.533,00*** |

- Ставката – потрошени суровини и материјали покажува зголемување во процентни поени во однос на 2023 година (98,97%), но вредносно зголемувањето е мало, при што истата е во согласност со планираните трошоци за 2024 година;
- Ставката – потрошена енергија е зголемена во однос на 2023 година за 256,64% во најголем дел како резултат на извршено плаќање на фактури за електрична енергија од Министерството за одбрана за изминат период (за месеците 02,03,04,05 и 06 од 2024 година) во вкупен износ од 3.316.362,00 денари, пристигнати со задоцнување, при што истата е во согласност со планираните трошоци за 2024 година;
- Ставката – транспортни услуги покажува зголемување во процентни поени во однос на 2023 година (15,11%), но вредносно зголемувањето е мало, при што истата е во согласност со планираните трошоци за 2024 година;
- Ставката – останати услуги во 2024 е намалена во однос на 2023 година за 31,55% и детално прикажана подолу:

[11] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2024 година (со датум од 20.11.2024 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули - септември 2023 година.

**Табела 3.4: Реализирани останати услуги на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година во споредба со истиот период од 2023 година[12]**

| *Останати услуги* | *01.07-30.09.2024* | *01.07-30.09.2023* |
|---|---|---|
| | | |
| Регистрација на возила | 79.273,00 | 90.384,00 |
| Огласи во дневни весници | 28.790,00 | 56.316,00 |
| Услуга за дератизација | 6.136,00 | 0,00 |
| Услуга за физичко обезбедување | 590.000,00 | 882.051,00 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***704.199,00*** | ***1.028.751,00*** |

- Ставката – дневници за службен пат и патни трошоци е зголемена во однос на 2023 година за 88,08% во најголем дел заради потставките за дневници за службени патувања во странство, ноќевање во странство и авиобилети, кои се резултат на интензивирани инвестициони активности, како и задолжителни обуки на новите и постојните КЛ во странство, но истата е во рамки на планираните трошоци за 2024 година;
- Ставката – премии за осигурување е зголемена во однос на 2023 година за 35,60% во најголем дел заради потставката за платена премија за осигурување на имот во износ од 1.080.461,00 денари, но истата е во рамки на планираните трошоци за 2024 година;
- Ставката - останати нематеријални трошоци во 2024 година е намалена во однос на 2023 година за 8,41%, при што истата е во согласност со планираните трошоци за 2024 година и детално прикажана подолу:

**Табела 3.4: Реализирани останати нематеријални трошоци на „М-НАВ“ А.Д. – Скопје за третото тримесечје од 2024 година во споредба со истиот период од 2023 година[13]**

| *Останати нематеријални трошоци* | *01.07-30.09.2024* | *01.07-30.09.2023* |
|---|---|---|
| | | |
| **1. Наемнина за недвижности** | **406.056,00** | **553.524,00** |
| - Закуп за антена на Црн Врв | 10.661,00 | 15.987,00 |
| - Закуп на деловен простор[14] | 395.395,00 | 537.537,00 |
| **2. Надомест надзорен одбор** | 106.665,00 | 106.665,00 |
| **3. Донации во земјата[15]** | 0,00 | 430.000,00 |
| **4. Авторски хонорари[16]** | 0,00 | 286.863,00 |
| **5. Семинари и советувања** | ***579.690,16*** | ***1.160.085,34*** |
| - OJTI refresh курс за КЛ[17] | 341.290,02 | 1.137.585,34 |

[12] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2024 година (со датум од 20.11.2024 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули - септември 2023 година.
[13] Извор: Бруто-биланси на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период 01.07-30.09.2024 година (со датум од 20.11.2024 година); Тримесечен извештај за работа на „М-НАВ“ А.Д. - Скопје за период јули - септември 2023 година.
[14] Согласно Договор со ТАВ Македонија за изнајмување на деловен простор на Меѓународниот аеродром Скопје, согласно Договор за изнајмување на деловен простор – објект Малага во Центар, Скопје.
[15] Согласно Договор за донација број 0202-345/2 од 01.03.2023 година склучен со Воздухопловна федерација на Македонија. Со оглед на тоа што позитивното мислењеза јавен интерес од Министерството за правда на РСМ е добиено со задоцнување, односно во месец август 2023 година, тогаш е извршена и исплата на средствата од договорот за донација во износ од 430.000,00 денари.
[16] Согласно Договори за дело на 3 вработени во 2023 година за сите 3 месеци, а во 2024 година нема вработени со договор на дело за извештајниот период.
[17] Задолжителни курсеви за контролорите на летање на секои 2 години.

| | | |
|---|---|---|
| - Останати курсеви и обуки за вработените | 238.400,14 | 22.500,00 |
| **6. Адвокатски услуги**[18] | 192.839,00 | 92.426,00 |
| **7. Одржување на софтвер** | 22.010,00 | 26.040,00 |
| **8. Останати интелектуални услуги**<br><br>- Имплементација на АТМ систем (SAT)[19]<br>- Изработка на гео-карти[20]<br>- Годишен надомест од ЦДХВ[21]<br>- Проценка на пазарноа вредност<br>- Превод на документи<br>- Електронска база на податоци<br>- Обнова на дигитален сертификат | ***1.565.677,81***<br><br>807.340,27<br>516.625,42<br>146.358,00<br>37.500,00<br>31.307,00<br>26.388,00<br>159,12 | ***696.939,78***<br><br>0,00<br>478.185,12<br>146.358,00<br>0,00<br>26.221,00<br>36.440,00<br>9.735,66 |
| **9. Стручни списанија и весници**[22] | 0,00 | 10.912,00 |
| **10. Трошоци за сертификација и лиценци од АЦВ** | 147.327,20 | 21.540,00 |
| **11. Други нематеријални трошоци**<br><br>**-** Дислокација на метален сеф<br>- Останати нематеријални трошоци[23]<br>**-** Изработка на идентификациони картички[24]<br>- Обнова на токен | ***19.612,00***<br><br>12.000,00<br>7.612,00<br>0,00<br>0,00 | ***44.351,52***<br><br>0,00<br>4.250,00<br>37.525,00<br>2.576,52 |
| ***Вкупно (МКД):*** | ***3.039.877,17*** | ***3.429.346,64*** |

- Ставката – банкарски трошоци покажува зголемување во процентни поени во однос на 2023 година (1,88%), но вредносно зголемувањето е мало;
- Ставката – камати по банкарски кредити покажува зголемување во процентни поени во однос на 2023 година (1,08%), но вредносно зголемувањето е мало, при што истата е во согласност со планираните трошоци за 2024 година.

[18] Согласно Договори со Адвокат Мефаиљ Арслани и Адвокат Константин Кратовалиев, додека во 2023 година имаше склучено договори со Адвокат Мефаиљ Арслани и Адвокат Васил Димишков.
[19] Согласно Договор со Eurocontrol (Support Agreement).
[20] Годишна претплата за Бентли картографија.
[21] Годишен надомест за водење на акции.
[22] Службен весник на РСМ, Академика.
[23] Фотокопирање на документи, изработка на визит карти и сл.
[24] Идентификациони картички за пристап на вработени од „М-НАВ“ А.Д. - Скопје на аеродромска писта и аеродромски простории, сопственост на ТАВ Македонија.